Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-111/5
22.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-851/1 од 25.12.2025 година, поднесена од --------- од -------, со адреса на ---------, против Министерство за --------- на Република Северна Македонија, за заштита од дискриминација врз основа на возраст во областа на образование и пристап до стипендирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст во областа на образование сторена од страна на Министерство за --------- на Република Северна Македонија кон ---------.

**Образложение**

На ден 25.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на ---------, против Министерство за --------- на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на возраст во врска со Конкурсот за доделување стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за академската 2025/26 година.

Според наводите од претставката, подносителот ги исполнувал сите услови утврдени во Конкурсот, освен условот кандидатот „на денот на конкурирањето да не е постар од 38 години". Подносителот смета дека ваквиот услов претставува директна дискриминација врз основа на возраст, бидејќи кандидатите кои ја надминуваат оваа старосна граница се исклучени од можноста да конкурираат за стипендија, независно од нивниот академски успех, научно-истражувачки трудови, препораки и истражувачки капацитет.

Подносителот дополнително наведува дека старосното ограничување има и поширок дискриминаторски ефект, бидејќи ги става во понеповолна положба лицата кои по завршување на претходните циклуси на образование привремено излегле од формалниот образовен процес, се вклучиле на пазарот на трудот или подоцна одлучиле да го продолжат своето образование преку докторски студии. Според него, кај студиите од трет циклус треба да бидат релевантни академските, научните и истражувачките капацитети на кандидатот, а не возраста сама по себе.

Согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Известување бр. 08-111/1 од 22.01.2026. година за произнесување по наводите од претставката до Министерството за образование и наука.

До Комисијата беше доставен одговор од Министерството за --------- бр. --------- од --------- година. Во одговорот, Министерството наведува дека секоја година објавува Конкурс за доделување стипендии за академски студии од трет циклус во земјата и дека Конкурсот за академската 2025/26 година е објавен јавно, со целокупната документација потребна за пријавување на кандидатите. Конкурсот бил распишан врз основа на Законот за научно-

истражувачката дејност и Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри. Според Министерството, согласно законската и подзаконската рамка, тоа е овластено преку јавен конкурс да ги утврди конкретните услови и критериуми за доделување на стипендии.

Во одговорот понатаму се наведува дека во објавениот Конкурс, во делот „Услови за доделување на стипендија" е утврден услов според кој право на учество имаат кандидати кои на денот на поднесување на пријавата немаат навршено повеќе од 38 години. Според Министерството, наведениот услов претставува општ и однапред утврден критериум, кој се применува подеднакво за сите заинтересирани кандидати кои имаат намера да конкурираат согласно Конкурсот, а не поединечна, селективна или произволна мерка насочена кон конкретно лице. Министерството исто така наведува дека условот за возраст е утврден со цел остварување на легитимна јавна политика насочена кон поддршка и развој на млади научно-истражувачки кадри.

Комисијата, заради целосно утврдување на фактичката состојба, побара дополнителни информации од Министерството во врска со **методологијата** која била користена при утврдувањето на возрасната граница од 38 години како еден од условите за доделување стипендии за академски студии од трет циклус.

Министерството достави дополнителен одговор бр. --------- од --------- година, со кој укажува дека условот за возраст е утврден врз основа на анализа според која во повеќето европски држави и во регионот постојат старосни граници за доделување стипендии за трет циклус студии, односно за програми насочени кон развој на млади истражувачи. Во одредени национални владини програми, за стипендии за трет циклус на студии кои се доделуваат од страна на државни институции, се применуваат старосни ограничувања, најчесто во опсег од 30 до 35 години, со цел остварување легитимна јавна политика насочена кон поддршка и развој на млади научно-истражувачки кадри. Министерството дополнително се повикува на Правилникот за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри, според кој Министерството за образование и наука има можност да доделува еднократни средства за изработка на докторски трудови, при што се утврдува кандидатот да не биде постар од 38 години на денот на поднесување на барањето. Имајќи го предвид наведеното, Министерството смета дека со поставената граница од 38 години покажува одредена флексибилност во однос на споредбените практики, каде старосните граници најчесто се движат во опсег од 30 до 35 години, а во интерес на поповолно право на научно-истражувачките кадри.

Комисијата при одлучувањето ја имаше предвид релевантната домашна правна рамка.

Во таа насока, според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, **возраст**, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, според кој: „Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."

Комисијата ја ценеше и праксата на Европскиот суд за човекови права, според која возраста може да се третира како „друг статус" во смисла на член 14 од Европската конвенција за човекови права. Од праксата на судот произлегува дека различното постапување врз основа на возраст не е само по себе недозволено, но истото мора да има објективно и разумно оправдување, односно да следи легитимна цел и да постои разумен однос на пропорционалност меѓу употребените средства и целта што се настојува да се постигне.

Тргнувајќи од наведената правна рамка и утврдената фактичка состојба, Комисијата најнапред оцени дека условот кандидатот „на денот на конкурирањето да не е постар од 38 години" претставува различно постапување врз основа на возраст. Со овој услов, кандидатите кои ја надминуваат утврдената старосна граница не можат да учествуваат во постапката за доделување на стипендија, без оглед на исполнувањето на другите академски услови.

Сепак, **не секое различно постапување врз основа на возраст претставува дискриминација** во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. За да се утврди дискриминација, потребно е различното постапување да нема објективно и разумно оправдување, односно да не следи легитимна цел или применетите средства да не се соодветни и неопходни за постигнување на таа цел.

Во конкретниот случај, Комисијата оцени дека старосната граница не може да се разгледува изолирано од целта на мерката и од надлежноста на Министерството да креира програми за поддршка и финансирање на млади научно-истражувачки кадри. Комисијата го имаше предвид објаснувањето на Министерството дека старосната граница е поставена во рамки на јавна политика насочена кон поддршка и развој на млади научно-истражувачки кадри и оцени дека истата може да претставува легитимна цел во областа на образованието и научно-истражувачката дејност, особено имајќи предвид дека државата има право преку јавни политики и финансиски мерки да насочува буџетски средства кон одредени приоритетни категории и развојни цели.

При оценувањето на пропорционалоста, Комисијата го имаше предвид и фактот дека стипендиите се ограничени по број и се доделуваат во рамки на конкретна јавна програма. Министерството со Конкурсот предвидело доделување на 20 стипендии за академски студии од трет циклус, распоредени по научни подрачја, при што дел од стипендиите се поврзани со целите и приоритетите на Стратегијата за паметна специјализација со фокус на дигитална и зелена транзиција. Во такви околности, Комисијата оцени дека Министерството, во рамки на својата надлежност на креирање на јавни политики, може да ги утврдува и условите под кои ќе се доделуваат стипендии, под услов тие услови да не бидат произволни, селективни или несразмерни. Оттука, иако Конкурсот како академски критериуми предвидува одреден просек, научно-истражувачки трудови и препораки, тоа не ја исклучува можноста Министерството дополнително да утврди целна група на кандидати за кои смета дека треба да бидат поттикнати и поддржани преку буџетски средства.

Дополнително, Комисијата оцени дека старосната граница од 38 години не е неразумно ниска или очигледно произволна во контекст на стипендии за трет циклус студии, имајќи предвид дека докторските студии претставуваат највисок степен на постдипломски студии.

Оттука, Комисијата оцени дека не се исполнети елементите за утврдување директна дискриминација врз основа на возраст во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------